CRVEN KRST NA REPUBLIKA MAKEDONIJA

# ТРИГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА ИНТЕНЗИВНА НАДГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Тригодишен План
## за Интензивна Надградба на Капацитети на Црвениот крст на Република Македонија

**ИМЕ: Со заеднички акција до подобри капацитети**

## Вовед

Црвениот крст на Република Македонија е формиран на 17 март 1945 година а самостојно дејствува и работи како национално друштво од 21 мај 1992 година. Работата на Црвениот крст на Република Македонија во државата е уредена со Законот за Црвениот крст на РМ донесен од Собранието на Република Македонија во 1994 година. Црвениот крст на Република Македонија е признат од Меѓународниот Комитет на Црвен крст на 01.11.1995 година и е полноправна членка на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина од 27 ноември 1995 година.

Црвениот крст на Република Македонија ги имплементира своите програмски и проектни дејности и активности преку 34 општински организации на Црвен крст и Градската организација на Црвен крст Скопје која ги координира активностите на општинските организации на Црвен крст во главниот град. Вкупниот број на вработени лица во Црвениот крст на Република Македонија е 126 а во имплементацијата на проектите и програмите се вклучени околу 3600 активни волонтери. Во одредени средини има недоволен број на волонтери вклучени во реализацијата на активностите бидејќи непостојат соодветни форми за задржување на постојните и привлекување нови волонтери.

Секоја година во рамки на постојните напори за надградба на капацитети, Црвениот крст на Република Македонија едуцира голем број на волонтери и вработени за реализација на програмските активности.

Во периодот од 1992 до 2007 година Црвениот крст на Република Македонија е активно вклучен во обезбедување на помош за хуманитарно згрижени лица, баратели на азил и внатрешно раселени лица (војната во поранешните југословенски републики и внатрешниот конфликт во Република Македонија) лица погодени од природни катастрофи (поплави, пожари, земјотреси), социјални случаи (како резултат на процесот на приватизација и транзиција на државата) и други категории на ранливи лица. Програмите и проектите на националното друштво беа имплементирани со поддршка на Меѓународнтата Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународниот Комитет на Црвен крст, повеќе национални друштва и други меѓународни и домашни хуманитарни владини и невладини организации.

Согласно со Стратегијата 2010 на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и Стратегијата на Меѓународното Движење, Црвениот крст на Македонија подготви Развоен План за периодот 2006-2010 во кој се опфатени стратешките приоритети и цели на националното друштво. Петте развојни приоритети од Развојниот План на ЦКРМ претставуваат појдовна основа за имплементација на програмските активности на националното друштво и се насочени кон

промовирање на основните принципи и хумани вредности на Движењето, подготвеност и дејствување при катастрофи, здравствена и социјална грижа во заедницата, организациски развој и мобилизирање на фондови.




Со цел да се подобри квалитетот на работењето на националното друштво во 2006 година Црвениот крст на Република Македонија спроведе Процена и анализа на работата на општинските организации на Црвениот крст и анализа на работата на општинските организации по дејности од кои произлегоа препораки за натамошен развој на општинските организации како основа за ефикасно трансформирање, реорганизација и надградба на капацитетите на националното друштво. Некои од мерките кои треба да се преземат во претстојниот период се подготовка на програми и проекти согласно со потребите на општинските организации на Црвен крст, напори за понатамошно подобрување на информативниот менаџмент систем, континуирана обука на кадровските ресурси, воспоставување на нови форми за привлекување и задржување волонтери во Црвениот крст, градење партнерски односи и соработка со невладини организации, владини институции и локалната самоуправа и превземање активности за мобилизирање на фондови.




Во рамки на напорите за подобрување на транспарентноста и отчетноста на работата на националното друштво во изминатиот период се спроведува надворешна ревизија на финансиското работење на Црвениот крст на Република Македонија од страна на надворешна независна агенција и резултатите се континуирано позитивни и се објавуваат и доставуваат до јавноста во Република Македонија и надворешните и внатрешни партнери на организацијата.

Важно е да се напомене дека во изминатите две години спроведени се две истражувања на јавното мислење во Република Македонија со цел да се утврди колку е запознато населението со активностите на Црвениот крст во државата, кои се ефектите од работењето во однос на задоволување на потребите на ранливото население во локалните заедници. Овие документи нудат показатели за преземање на потребни активности за афирмирање и унапредување на работата на националното друштво во државата.

Во изминатиот период Црвениот крст на РМ со свои средства редовно издава тријазични публикации на годишни програми и извештаи со финансиски показатели за работата на националното друштво што значително придонесува за подобрување на отчетноста и транспарентноста на организација и надградба на имиџот пред партнерските организации и јавноста.

Добриот мониторинг и евалуација претставуваат интегрален дел од менаџирањето на програми и проекти и за таа цел националното друштво превзема повеќе активности за обука на кадри за поефикасно следење, дејствување и процена на работата на организацијата.




Надворешната и внатрешна комуникација е значително подобрено со веб страната на националното друштво на која во континуитет се презентираат активностите на националното друштво.Веб срани се отворени во Градската организација на ЦК Скопје и во неколку ООЦК. Исто така се подготвува електронски весник кој на неделна основа се доставува до 45.000 е-маил адреси кој содржи краток осврт на имплементирани активности и настани на општинските организации и Централата на Црвениот крст на РМ. Весник на националното друштво “Хумани меридијани” се издава три пати годишни и претставува инструмент за промовирање на активностите на Црвениот крст на РМ до пошироката јавност. Ваков весник се издава и во Градската организација на ЦК Скопје и во неколку ООЦК.

Воспоставена е добра соработка со медиумите на национално и локално ниво. Таа произлегува како резултат на континуираните контакти, средби и дисеминациски работилници кои придонесуваат за подобро информирање на медиумите за активностите на Црвениот крст што подоцна резултира со медиумска поддршка на кампањите и акциите на Црвениот крст на РМ во државата.

Една од најважните придобивки во изминатиот период е секако инкорпорирање на алатките за имплементација на програмските активности за задоволување на потребите во локалните заедници како што е користење на ЗРЗ пристапот и ЦКА - ПХВ (модел за привлекување на млади волонтери кој ги афирмира позитивните вредности преку изготвување микро проекти за потребите на ранливото население во заедниците). Еден од новитетите во работењето е и Фондот за развој на националното друштво кој е формиран со цел да се обезбеди програмска и проектна поддршка за општинските организации.

## РЕЗИМЕ НА ТРИГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ИНК

Тригодишниот План за надградба на капацитети е насочен кон понатамошен развој на материјално техничките и кадровски капацитети на Црвениот крст на Република Македонија посебно во развојот на капацитетите на општинските организации на Црвен крст на Република Македонија за поуспешно справување со предизвиците со кои се соочува ранливото население во локалните заедници. Во рамки на подготовките на тригодишниот план за утврдување на приоритетите во претстојниот период беа превземени повеќе активности со цел да се обезбедат показатели за понатамошно ефикасно и ефективно работење.

Важно е да се напомене дека во подготвителниот период на тригодишниот план беа вклучени комплетното раководство и управа на Црвениот крст на Република Македонија, раководствата и управите на општинските организации на ЦК, советодавните тела, стручната служба на Централата и општинските организации, волонтери и партнерски организации со цел да се обезбеди максимална поддршка на националното друштво за идентификување и превземање активности кои ќе придонесат за понатамошно успешно трансформирање и надградба на капацитетите во напорите Црвениот крст на РМ да стане национално друштво кое добро функционира.

**Активности спроведени со Планот за акција за подготовка на тригодишниот План во периодот октомври - 15 декември, 2007:**

- **Формирана е Работна Комисија** од 9 члена составена од вработени во Централата, Градската организација на ЦК Скопје и општински организации на ЦК, еден претседател на ООЦК, претставник на младите на Црвениот крст на РМ и еден претседател на советодавно тело на Црвениот крст на РМ. Одржани се 15 работни средби.
- Одржан е **консултативен состанок со сите секретари на општински организации на Црвен крст** заради презентација на проектот.

- Одржани се **три еднодневни работилници** со претседателите и секретарите на општинските организации на ЦК (поделени во три групи) на кои поединечно беа презентирани идеите и предлозите на општинските организации на Црвен крст за утврдување на приоритетните области и клучни активности кои треба да се превземат согласно со критериумите на Фондот за интензивна надградба на капацитети.
- Одржана е **финална тридневна работилница** со раководството и управата, претставници на општинските организации, претставници на стручната служба и консултанти заради конечно утврдување на приоритетните области и разработување на план за активности за претстојниот тригодишен период.



- Одржани се три **седници на Извршниот Одбор** на Црвениот крст на РМ на кои беше презентиран и одобрен целокупниот процес и активности за подготовка на тригодишниот план.
- Одржани се повеќе **работни средби со консултантите** за поддршка во подготовката на ИНК Планот.
- Спроведени се **посети на 11 општински организации** со цел да се обезбедат дополнителни информации од различни



партнери на Црвениот крст на РМ (владини и невладини организации, локална самоуправа и медиуми) за потребите на подготовките на ИНК Планот.

- Спроведено е **истражување на јавно мислење** во Република Македонија од страна на Brima Galup International за да се обезбедат дополнителни сознанија и показатели за активностите кои треба да ги превземе Црвениот крст на Република Македонија во насока на подобрување на квалитетот на работата во државата. Резултатите покажуваат доминација на позитивни ставови на граѓаните во Република Македонија во однос на Црвениот крст на РМ исто како и во истражувањето кое беше спроведено во претходната година. Имиџот на организацијата на Црвениот крст на РМ споредено со 2006 година е значително подобрен. Општа констатација е зголемување на бројот на граѓани кои ги истакнуваат позитивните страни во работењето на Црвениот крст на РМ согласно со основните принципи на движењето : хуманост 64% во 2006 - 81% во 2007 г. ; независен 26% во 2006г. - 41% во 2007 г.; неутрален 15% во 2006 г - 35% во 2007 г.и чесност 25% во 2006 г. - 36% во 2007 г, ефикасност 15% во 2006г. - 30% во 2007 г. и транспарентност 6% во 2006г. - 18% во 2007г. Значајно е да се напомене зголемувањето на информираноста на граѓаните за активностите на Црвениот крст што е еден од главните предуслови во градењето на позитивниот имиџ.

Како резултат на сите подготвителни активности произлегоа три приоритетни области во чии рамки ќе бидат насочени активностите за спроведување на тригодишниот план за кои се смета дека значително ќе придонесат кон унапредување на работата, ефикасноста и зголемување на активностите на националното друштво со цел да се надминат одредени слабости и недостатоци во досегашното работење за поуспешно обезбедување услуги за најранливото население во Република Македонија.

**КЛУЧНИ ОБЛАСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ 2008-2010**

1. ***Градење на ефикасен Информативен Менаџмент Систем***
2. ***Менаџмент на Волонтери и Вработени***
3. ***Мобилизирање на Фондови***

Овие области ги опфаќаат речиси сите седум критериуми кои се предуслов за обезбедување ИНК поддршка за националното друштво.

Важно е да се напомене дека во процесот на имплементација на проектните активности ќе бидат инкорпорирани неколку алатки како што се користење на ЗРЗ пристапот и ЦКА - ПХВ (модел за привлекување на волонтери кој ги афирмира позитивните вредности). Исто така во процесот на имплементација ќе се користи и Фондот за развој на националното друштво кој е формиран со цел да се обезбеди програмска и проектна поддршка за општинските организации.

Црвениот крст на Македонија во текот на имплементацијата на активностите ќе даде придонес и со свои средства од Фондот за развој а исто така за целите на проектот ќе се користат и сите кадровски потенцијали и материјално технички ресурси кои ги има на располагање Црвениот крст на Република Македонија.

Предвидените активности во рамките на трите програмски области ќе бидат имплементирани етапно во текот на трите години со различен обем на активности согласно со Планот и буџетот за акција за периодот 2008-2010.

**План за акција за период 2008 - 2010 во годишни буџетски проценти изразено во CHF Поддршка од Фондот за Интензивна Надградба на Капацитети**

| Клучни области | % 2008 Поддршка во CHF | % 2009 Поддршка во CHF | % 2010 Поддршка во CHF |
|---|---|---|---|
| Информативен Менаџмент Систем | 48.5%<br>48.500 CHF | 26.5%<br>26.500 CHF | 26.5%<br>26.500 CHF |
| Менаџмент на волонтери и вработени | 30.5%<br>30.500 CHF | 50%<br>50.000 CHF | 50%<br>50.000 CHF |
| Мобилизирање на фондови | 17%<br>17.000 CHF | 19.5%<br>19.500 CHF | 19.5%<br>19. 500 CHF |
| Трошоци за мониторинг и евалуација | 4%<br>4.000 CHF | 4%<br>4.000 CHF | 4%<br>4.000 CHF |
| Вкупно | 100%<br>100.000 CHF | 100%<br>100.000 CHF | 100%<br>100.000 CHF |

**План за акција за период 2008 - 2010 во годишни буџетски ставки изразени во CHF Поддршка од Црвен крст на Република Македонија**

| Клучни области | 2008 Поддршка во CHF | 2009 Поддршка во CHF | 2010 Поддршка во CHF |
|---|---|---|---|
| Информативен Менаџмент Систем | 50.000 CHF | 50.000 CHF | 50.000 CHF |
| Менаџмент на волонтери и вработени | 14.200 CHF | 26.000 CHF | 26.000 CHF |
| Мобилизирање на фондови | 0 | 0 | 0 |
| Трошоци за мониторинг и евалуација | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 64.200 CHF | 76.000 CHF | 76.000 CHF |

**Вкупно средства за имплементација на тригодишниот план за интензивна надградба на капацитети 2008-2010**

Фонд за Интензивна надградба на капацитети = 300.000 CHF
Црвен крст на Република Македонија = 216.200 CHF

**Вкупно = 516.200 CHF**

**ГЛАВНА ЦЕЛ:** Подобрени се материјално-техничките, организациски и кадровски капацитети на националното друштво за успешно справување со предизвиците на ранливото население во Република Македонија.

## СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА ИНК ПРОЦЕС

1. *Унапреден е информативниот менаџмент систем на НД*
2. *Подобрени се кадровските капацитети на НД за успешно реализирање на програмските активности*
3. *Воспоставен е ефикасен систем за мобилизирање на фондови*

Во изминатиот четиригодишен период националното друштво превзеде повеќе активности за надградба на своите кадровски и материјални капацитети со цел да стане национално друштво кое добро функционира. Во таа насока мора да се истакне континуираната поддршка на Норвешкиот Црвен крст, Меѓународната Федерација и Меѓународниот Комитет на Црвен крст кои дадоа исклучителен придонес во развојот на националното друштво.

И покрај добрите резултати во работењето на Црвениот крст на Република Македонија во изминатиот период и континуираните напори за градење на национално друштво кое добро функционира постои потреба за понатамошно унапредување на одредени содржини за зголемување на обемот на активности на Црвениот крст и квалитетно обезбедување на услуги за ранливите категории на население што ќе придонесе за успешно следење на препораките на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина согласно со целите на Глобалната Агенда на Меѓународната Федерација.

### Специфична Цел 1:
### ГРАДЕЊЕ НА ЕФИКАСЕН ИНФОРМАТИВЕН МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ

Инкорпорирањето на новите достигнувања и можности на информативно комуникациските технологии во работата на една организација претставува клучен елемент за суштинска надградба на капацитетите, побрз проток на информации, зголемена транспарентност и автоматско обработување на податоците на сите интегрални делови на националното друштво. Примарна цел на оваа активност е да се воспостави компјутерска мрежна инфраструктура и електронско поврзување на Централата на Црвениот крст на Република Македонија со општинските организации на Црвен крст. Овој информативен менаџмент систем етапно ќе се имплементира во текот на три години.

Елементите на активностите во првата година подетално се прикажани подоле во интегралниот текст.

Развивањето на Информативниот менаџмент систем всушност претставува една од заложбите утврдени во 10 области за подобрување на работата и капацитетите на НД согласно со документот Иднината на Федерацијата.

Функционалните цели кои ќе се постигнат се градење на електронска мрежна структура на организацијата, континуиран преглед на информации за ресурси, настани и спроведени активности, on line фото галерија, анализа на демографски и други организациски карактеристики, структура и организација на кадровски и материјално-технички ресурси, анализа и извештаи на организациските единици, програми, проекти и активности.

Организациските цели на овој систем ќе овозможат презентирање на информациите на структурен начин за секоја органнизациска единица посебно, а истовремено обезбедување на целокупен преглед на состојбите во националното друштво. Обновените информации се лесно достапни и системот се користи за промовирање на активностите на Црвениот крст на локален, национален и меѓународен план, Информативниот менаџмент ситем исто така ќе се користи како алатка за комуникација, мониторинг и евалуација.

Во рамки на информативниот менаџмент систем ќе функционираат три софтвер системи: динамичен web портал, кој ќе служи за промовирање на организациските единици, активности и кампањи; web информативен систем за размена на документи - електронско менаџирање на документи; и web апликација за автоматско поднесување извештаи - систем за следење и пребарување и менаџмент на работниот процес.

Важно е да се истакне дека системот исто така ќе овозможи брз проток на финансиски документи на сите единици на организацијата што ќе овозможи поголема транспарентност и отчетност како и точна сеопфатна база на финансиски податоци кои ќе бидат пристапни во секое време за потребите на раководството и управата на организацијата и други партнерски организации.

Трошоците за интернет конекција на сите организациски единици на Црвениот крст на Македонија за имплементација на оваа активност кои изнесуваат околу 50.000 CHF годишно ќе ги покрива Црвениот крст на Македонија самостојно. За трите години за имплементација на оваа програмска содржина Црвениот крст на Република Македонија ќе издвои вкупно околу 150.000 CHF свои средства за обезбедување интернет конекција за 36 единици на националното друштво. Заради тоа може да се каже дека по завршување на поддршката на ИНК Фондот за имплементација на подоле наведените содржини, ЦКРМ ќе ја превземе обврската за одржување на системот како и за понатамошно покривање на трошоците за интернет конекција на организациските единици што покажува дека постои понатамошна одржливост на оваа содржина.

Во втората и третата година ќе се врши валидирање и верификација на системот, надградба на динамичниот web site портал, системот за менаџирање на документи и системот за следење и пребарување со придодавање на дополнители содржини од програмските активности на Црвениот крст на Македонија кои нема да бидат опфатени во првата година.

Може да се заклучи дека придобивките од Информативниот менаџмент систем се многустрани и ќе значат многу за подобрување на ефикасноста во работењето и обезбедувањето на квалитетни услуги на националното друштво за потребите на ранливите категории на население во целата држава.

**АКТИВНОСТИ 2008 -2010**

1. Воспоставување мрежна инфраструктура во 36 единици на Црвениот крст на РМ.
2. Набавка на потребна хардверска опрема.
3. Изработка на софтвер за информативниот менаџмент систем на Црвениот крст на РМ.
4. Изработка на динамички web портал.
5. Изработка на web систем за следење и пребарување.
6. Обука на кадровски ресурси за работење со новиот информативен менаџмент систем.

**Активности во 2008 година**

Во текот на првата година ќе бидат реализирани активности за вршење на анализа на потребите за воведување на информативен менаџмент систем, набавка на потребната хардверска опрема и инсталирање софтвер и поврзување во мрежен систем на 36 единици на Црвениот крст на РМ. Исто така ќе биде спроведена обука за 36 лица за работа на информативниот менаџмент систем во националното друштво.

**Очекувани резултати за 2008 година:**

Информативниот менаџмент систем и мрежното поврзување ќе овозможи брз, лесен, пристапен, ефикасен и структурален протокот на информации во националното друштво. Системот ќе се искористи како средство за промовирање на активности и работата на Црвениот крст и како алатка за мониторинг за тековни проекти и ресурси. Исто така системот како комуникациска алатка ќе ја подобри внатрешната надворешни комуникација. Информативниот менаџмент систем ќе биде искористен како средство за автоматско известување, размена, следење, пребарување и електронско менаџирање на документи. Сите овие елементи ќе придонесат за поквалитетно спроведување на активностите на Црвениот крст на Македонија на сите нивоа.

**Активности во 2009 година**

Во втората година ќе се изврши валидирање и верификација на информативниот менаџмент систем, надградување на софтверот во сите 36 единици на Црвениот крст на РМ во делот на Динамичниот web сите портал, web информативен систем за електронско менаџирање на документи и систем за проток и следење на документи

**Активности во 2010 година**

Во третата година ќе се изврши повторно валидирање и верификација на информативниот менаџмент систем, завршно надградување на софтверот во сите 36 единици на Црвениот крст на РМ во делот на Динамичниот web site портал, web информативен систем за електронско менаџирање на документи и систем за проток и следење на документи.

**Очекувани резултати по спроведување на тригодишниот ИНК процес**
Воведувањето и користењето на новиот информативен менаџмент систем ќе ги подобри капацитетите на националното друштво во сите програмски области преку обезбедениот брз проток на информации, внатрешна и надворешна комуникација и автоматско известување, следење, пребарување, електронско менаџирање на документи и мониторинг и евалуација на програми, проекти и активности како и подобрената транспарентност и отчетност на организацијата. Со унапредениот систем за промовирање на активностите ќе се овозможи мобилизирање на нови фондови за зголемување на обемот на активности. Исто така ќе се зголеми интересот за вклучување на нови волонтери во организацијата и унапредување на соработката со други домашни и меѓународни партнери. Сето тоа ќе придонесе за подобрување на имиџот на на Црвениот крст на РМ и подобри и поквалитетни услуги за ранливото население во локалните заедници во Република Македонија.

**Специфична Цел 2:**
**МЕНАЏМЕНТ НА ВОЛОНТЕРИ И ВРАБОТЕНИ**

Уште од самото формирање на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина волонтерите се движечка сила за имплементирање на активности наменети за помош и грижа на ранливо население.

Мобилизирањето на волонтери од локалните заедници за задоволување на локалните потреби е една од приоритетните задачи и цели на Црвениот крст на Република Македонија. Вклучувањето на корисници како волонтери исто така претставува важен начин за намалување на ранливоста на волонтерите. При ваквите ангажмани примарна цел на националното друштво претставува вклучувањето на волонтерите а не крајниот резултат од тој програм.

Во услови на се поголема присутност на нови хуманитарни организации волонтерската поддршка е се потешко да се обезбеди. Поради тоа, во претстојниот период,  Црвениот крст на Македонија мора да развива форми и модалитети за привлекување и задржување на волонтери за спроведување на секојдневните активности промовирајќи ги основните принципи и хумани вредности на Движењето. Согласно со Правилникот за Волонтерство на Меѓународната Федерација, секое национално друштво на Црвен крст и Црвен полумесечина треба да тежнее да биде една од водечките организации во процесот на мобилизирање и менаџирање на волонтерите за обезбедување помош за ранливото население во неговата земја.

Со стратешкото планирање националото друштво мора да стави акцент ,волонтерскиот развој секогаш да биде поврзан со програмскиот развој, со што се определува и одговорност на националното друштво за развојот на волонтерските структури и системи кои ја рефлектираат секојдневната реалност.

Менаџирањето на волонтери и на вработените лица претставува процес на планирање и одлучување, организирање, раководење и контролирање на човечките ресурси и финансиски менаџмент заради остварување на целите на организацијата на ефективен и ефикасен начин.

За да може националното друштво да ја мобилизира заедницата на ефикасен начин, треба да има силни локални структури со добар кадровски потенцијал во општинските организации.

Изготвувањето на прирачници и правилници за волонтерски менаџмент и менаџмент на вработени претставува начин за осигурување дека волонтерите, вработените,раководството и управата се обединети околу јасен концепт за вредностите за унапредување на работата. За оваа цел ќе се користат позитивните искуства на повеќе национални друштва кои имаат постигнато значителен напредок во оваа област.

Според направената процена и анализа на работата на општинските организации на Црвениот крст на РМ еден од клучните предизвици за националното друштво е обезбедување и задржување на волонтери како движечка сила за имплементација на активностите на Црвениот крст на РМ. Според податоците на општинските организации во 2006 година евидентирани се 3605 активни волонтери што укажува на потребата за активно промовирање и спроведување активности за обезбедување нови човечки ресурси во организацијата.

Според резултатите од Истражувањето на јавното мислење во однос на подготвеноста на граѓаните за вклучување во активностите на Црвениот крст, 12% би сакале да се членови; 21% да бидат волонтери; не размислувале за тоа 29% и неодлучни 12%. На прашањето зошто сеуште не се вклучени во организацијата добиени се одговори: 11% не бил во ситуација да се вклучи; 15% не бил поттикнат од никој, 10% не биле информирани и 14% неодлучни. Овие бројки за Црвениот крст се показатели дека волонтерскиот менаџмент е приоритетна задача во наредниот период.

Една од приоритетните активности кои треба да се постигнат со имплементацијата на тригодишниот план е градење на ефикасна стратегија за менаџмент на волонтери и вработени, подготовка на прирачници за оваа намена, спроведување обуки за менаџмент на волонтери и вработени, отворање клубови за волонтери со цел да се зголеми бројот на активни волонтери и да се подобрат менаџерските капацитети на управниот кадар на националното друштво.

Привлекувањето на нови волонтери и нивна обука ќе се врши со користење на моделот на ЦКА - ПХВ како алатка која функционира повеќе години преку која младинците од различни етнички заедници ја промовираат културата на дијалог, стекнуваат знаења за подготовка на микро проекти, кои подоцна ги имплементираат во локалните заедници за задоволување на потребите на ранливото население. Поддршката за отворање на клубовите за унапредување на волонтерскиот менаџмент ќе се остварува преку Фондот за Развој на Црвениот крст на Македонија. Средствата за оваа намена првата година ќе се обезбедат 50%од Фондот за Интензивна надградба на капацитети (14.200 CHF) и 50% од Фондот за развој на Црвениот крст на Македонија (14.200 CHF). За втората и третата година придонесот на Црвениот крст на РМ ќе биде поголем и ќе изнесува по 26.000 CHF годишно или вкупно за трите години ќе изнесува 66.200 CHF. Средствата за одобрените проекти за унапредување на волонтерскиот менаџмент на општинско ниво ќе се доделат на општински организации кои го исполнуваат критериумот за доделување средства на Фондот за Развој на Црвен крст на Република Македонија. Примарна цел на отворените клубови на волонтери ќе биде мобилизирање волонтерска поддршка и средства за имплементацијата на микро проектите преку користење на ЗРЗ моделот како алатка за утврдување на приоритетните потреби на ранливото население во локалните заедници.

**АКТИВНОСТИ 2008-2010:**

1. Превод, адаптирање, подготовка и печатење на прирачник за менаџмент на волонтери.
2. Подготовка на правилник за менаџмент на волонтери.
3. Организирање на 3 едукативни работилници за менаџмент на волонтери.
4. Организирање на 3 едукативни работилници за менаџмент на вработени.
5. Отворање клубови на волонтери (од различна возрасна структура) во општинските организации на ЦК за унапредување на волонтерскиот менаџмент преку Фондот за Развој за подготовка и имплементација на микро проекти за задоволување на потребите на ранливото население во локалните заедници.

**Активности во 2008 година**

Во текот на првата година ќе се преведе и отпечати прирачник за менаџмент на волонтери и ќе се подготви Правилник за менаџмент на волонтери. Ќе се организра работилница за обука на 24 волонтери од 12 единици на Црвениот крст на РМ за менаџмент на волонтери. Исто така ќе се организира една работилница за менаџмент на вработени од 12 единици на Црвениот крст на РМ. Во текот на годината ќе бидат отворени 6 клубови на волонтери во општинските организации на ЦК преку кои ќе се имплементираат 6 микро проекти за задоволување на потребите на ранливото население во локалните заедници за кои поддршка ќе се обезбеди од Фондот за развој на Црвениот крст на РМ (50% или 14.200 CHF) и Фондот за интензивна надградба на капацитети (50%).

**Очекувани резултати во 2008 :**

Едни од основните двигатели и носители на активностите на Црвениот крст се волонтерите кои обезбедуваат поддршка за успешно имплементирање на задачите и целите на организацијата. Со цел нивно мотивирање, регрутирање и задржување, Црвениот крст на РМ ќе воспостави систем кој ќе биде ставен во функција во 12 единици на националното друштво и ќе овозможи мобилизирање на волонтерски кадри за реализирање на активности за задоволување на потребите на ранливите заедници. Волонтерите ќе бидат едуцирани за работа со различни целни групи во заедниците и ќе бидат подготвени да се ангажираат во различни области на делување на Црвениот крст на РМ.

Обуката за менаџмент на вработени ќе придонесе кон подобрување на менаџерските способности на секретарите на општинските организации на Црвениот крст и поуспешно управување со кадровските, матерversion="1" ријални и финансикси ресурси на организацијата.

Со имплементација на микро проекти во 6 општински организации и спроведената обука во 12 единици на ЦКРМ ќе се зголеми бројот на волонтери за 180 лица во првата година.

**Активности во 2009 година**

Во текот на втората година ќе се продолжи со обуката на волонтери од нови 12 единици на Црвениот крст на РМ за менаџмент на волонтери. Исто така ќе се продолжи со едукација за менаџмент на вработени со претставници од 12 единици на Црвениот крст на РМ. Во текот на годината ќе се обезбеди поддршка за 14 микро проекти на клубови на волонтери во 14 општинските организации на ЦК. За оваа цел Црвениот крст на РМ ќе обезбеди своја поддршка преку Фондот за развој на Црвениот крст на РМ во висина од 26.000 CHF.

**Активности во 2010 година**

Во текот на третата година ќе се продолжи со обуката на волонтери од нови 12 единици на Црвениот крст на РМ за менаџмент на волонтери. Исто така ќе се продолжи со едукација за менаџмент на вработени со претставници од 12 единици на Црвениот крст на РМ. Во текот на годината ќе се обезбеди поддршка за 15 микро проекти на клубови на волонтери во 15 општинските организации на ЦК. За оваа цел Црвениот крст на РМ ќе обезбеди своја поддршка преку Фондот за развој на ЦКРМ во висина од 26.000 CHF.

**Очекувани резултати по спроведување на тригодишниот ИНК процес**

Имплементацијата на активностите за менаџмент на волонтери и вработени значително ќе ги подобри кадровските капацитети на Црвениот крст на РМ и ќе овозможи квалитетно и навремено имплементирање на активностите на Црвениот крст во локалните заедници. Користењето на партиципативниот метод во имплементацијата на микро проектите ќе овозможи активно учество на повеќе партнери особено вклученоста на ранливото население во процесот на планирање, делување, следење и оценување на ефектите од постигнатите резултати. Применувајќи го моделот на ЦКА-ПХВ ќе овозможи мобилизирање на волонтерски кадри и нивна осопособеност за ангажирање во различни области на делување на Црвениот крст на РМ. Очекувањата се дека бројот на волонтери ќе се зголеми за околу 1000 нови волонтери со имплементацијата на 35 микро проекти во текот на трите години. Новите алатки за менаџмент на волонтери ќе се користат во сите единици на Црвениот крст што ќе придонесе за градење на знаење и вештини за унапредување на волонтерската работа и услуги кои ги обебзедува националното друштво во Република Македонија.

**Специфична Цел 3:**
**МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ**

Суштински предуслов за успешно функционирање на организацијата е ефикасно мобилизирање на фондови за имплементирање на активности на Црвениот крст. Во изминатите години претставници на нашето национално друштво учествуваа на неколку обуки за обезбедување на парични средства организирани од страна на Меѓународната Федерација но сепак

знаењата и искуствата во оваа област се доста скромни и недоволни за да се инкорпорираат на соодветен начин во работата на националното друштво.

Мобилизарањето на фондови е процес на обезбедување и собирање на средства или други подароци во вид на стока, преку барање донации од поединци, компании, хуманитарни организации или владини агенции. Истовремено треба да се истакне дека мобилизирањето на фондови е примарен начин за невладините организации да обезбедат средства за нивно работење. Мобилизирањето средства за хуманитарни цели се базира врз неколку основни вредности со цел да се постигнат посакуваните резултати со што ќе се помогне на ранливото население на ефикасен и ефективен начин со поддршка на пошироката заедница.

Според резултатите од Истражувањето на јавното мислење за мобилизирање на фондови граѓаните во Македонија имаат изградено став и тоа: 42,2% во Црвен крст треба да донираат богати граѓани; 40,3% Владата на РМ; сите ние 33,1%; компании 18,8%. Истовремено во Црвен крст 90% од испитаниците донираат помош во натура, а 25% во парични средства. Индикативни се одговорите на прашањето зошто не сте дале донација на Црвениот крст на РМ од каде се гледа дека 35% не биле во состојба да подарат нешто, 24% никој не побарал од нив да донира. Од одговорот на прашањето каде сте виделе и слушнале за активностите на Црвениот крст 71% на телевизија, 21% од теренски активности, 23% во дневниот печат; радио 13%.

Во изминатиот период направени се одредени активности за воспоставување на одредени рамки за координиран пристап во делот на мобилизирање на фондови преку обезбедената консултантска поддршка од Норвешкиот Црвен крст и организираните неколку обуки во Македонија како и најавената заложба за продолжување на оваа стручна поддршка во претстојниот период која ќе биде искористена во насока на успешно спроведување на активностите зацртани во тригодишниот план.

Во насока на привлекување на нови партнери и поддржувачи на активностите на Црвениот крст ќе биде спроведено истражување на пазарот, посебно во делот на унапредување на соработката со локални компании како и испитување на интересот за волонтирање и партиципирање во работата на Црвениот крст на РМ.

Промовирањето на активностите на Црвениот крст преку организирање на маркетинг кампања, ќе придонесе подигање на свеста на населението за вклучување и поддршка на активностите на Црвениот крст за помош и грижа на населението во ранливите локални заедници, промоција на здрав живот и превенција од заразни болести. Кампањата ќе биде спроведена преку 36 единици на Црвениот крст на РМ. За промовирање на активностите ќе бидат изработени атрактивни постери, флаери со интересни содржини и новини и изработка на ТВ спот. Со поддршка на медиумите ќе се обезбеди брзо и широко пласирање на програмите на националното друштво.

За развој на оваа област согласно добиените резултати од кампањата и истражувањето на пазарот, ќе се изработи Стратегија за мобилизирање на фондови. За подготовка на истата ќе се формира тим на национално ниво со експерти од оваа област.

Со цел да се подобрат капацитетите во локалните организации на Црвениот крст, ќе се изврши обука на кадри за обезбедување на фондови.

**АКТИВНОСТИ 2008-2010:**

1. Истражување на пазарот за нови можности за мобилизирање на фондови.
2. Подготовка на план за акција за воспоставување партнерства со корпоративен сектор.
3. Организирање на Маркетинг кампања за промовирање активности и обезбедување поддршка во 36 единици на Црвениот крст на РМ и подготовка и печатење на флаери, постери и изработка на ТВ спот.
4. Подготовка, превод и печатење на стратегија за мобилизирање на фондови
5. Организирање на 3 работилници за едукација на кадри за мобилизирање на ресурси

**Активности во 2008 година**

Во текот на 2008 година ќе се спроведе истражување на пазарот за нови можности за мобилизирање на фондови. Со оваа активност ќе бидат опфатени 100 компании во Република Македонија за интересот за поддршка на Црвениот крст на РМ. За воспоставување партнерства со корпоративен сектор ќе биде подготвен План за акција. Во текот на годината ќе биде подготвена Стратегија за мобилизирање фондови и истата ќе биде издадена во 500 примероци. За оваа цел ќе се формира работна група составена од вработени и волонтери на Црвениот крст, како и ќе бидат вклучени стручни консултатнти од областа на маркетингот. За обука на кадри за мобилизирање на ресурси ќе се организира работилница со 24 претставници од 12 единици на Црвениот крст на РМ.

**Очекувани резултати во 2008 година:**

Имплементацијата на активностите во текот на 2008 година ќе овозможи воспоставување соодветни предуслови за подготвување стратегија и утврдување механизми за мобилизирање на фондови како и подобрување на капацитетот на националното друштво да мобилизира фондови за поквалитетно обезбедување на поголем број услуги и активности за ранливото население во Македонија. Стратегијата ќе претставува алатка за општинските организации на Црвен крст за користење на знаења во делот на мобилизирање на фондови. Исто така се очекува дека ќе се зголеми бројот на партнерски организации за 20% кои обезбедуваат поддршка за Црвениот крст на РМ. Обезбедената обука за претставниците на 12 општински организации ќе им овозможи да стекнат дополнителни знаења за идентификување на нови форми за мобилизирање фондови во процесот на обезбедување поддршка за активностите на Црвениот крст.

**Активности во 2009 година**

Во 2009 година ќе се имплементира кампања за промовирање активности во 36 единици на Црвениот крст на РМ. Спроведувањето на кампањата треба да даде придонес во однос на покачување на интересот и на населението за волонтирање во Црвениот крст на РМ како и подигање на свеста на населението за вклучување и поддршка на хуманитарни активности на Црвениот крст на РМ. За целите на кампањата ќе се испечатат 13.000 флаери, 1300 постери на македонски и албански јазик и ќе биде подготвен специјален спот за потребите на кампањата. Исто така ќе се спроведе втората работилница за обука на кадри за

мобилизирање на ресурси со нови 24 претставници од 12 општински организации на Црвениот крст на РМ. Вкупно предвидени средства за имплементација на активностите ќе изнесуваат 19.500 CHF.

**Активности во 2010 година**

Во третата година активностите во делот на мобилизирање на фондови ќе бидат насочени кон продолжување на кампањата за подигање на свеста на населението за мобилизирање на фондови. Во текот на 2010 година ќе се спроведе третата работилница за обука на кадри за мобилизирање на ресурси со нови 24 претставници од последната група на 12 општински организации на Црвениот крст на РМ. Вкупно предвидени средства за имплементација на активностите ќе изнесуваат 19.500 CHF

**Очекувани резултати по спроведување на тригодишниот ИНК процес**

Имплементацијата на активностите за мобилизирање на фондови треба да обезбеди значителна поддршка за националното друштво во однос на воспоставување механизми за обезбедување средства за спроведување на активности на националното друштво за поголем број на корисници во заедниците во Република Македонија како и подобрување на целокупната финансиска состојба во националното друштво. Истовремено ова ќе придонесе за зголемување на интересот на партнерски организации и компании за поддршка и учество во активностите на Црвениот крст на РМ за што ќе биде изготвен посебен план за акција. Крајниот резултат исто така ќе биде зголемување на бројот на волонтерите како резултат на промотивната кампања за Црвениот крст на РМ за можностите за учество и поддршка на активностите на Црвениот крст на РМ во правец на обезбедување помош за различни категории на корисници на услуги на националното друштво. Една од главните придобивки на овој процес е националното друштво во 2010 година да има соодветно обучен кадар и стратешки документи кои ќе е користат за унапредување и поддршка на активностите на Црвениот крст на РМ во иднина. Спроведувањето на активностите за мобилизирање на фондови предвидени со тригодишниот план се очекува да придонесат до зголемување на материјалните и кадровските капацитети за 20% споредено со претходниот период.

**ПОВРЗАНОСТ НА ТРИГОДИШНИОТ ИНК ПЛАН СО СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ НА ЦКРМ:** Тригодишниот План за интензивна надградба на капацитети се темели на стратешките приоритети на националното друштво зацртани во **Развојниот План за периодот 2006-2010,** стратешките документи на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина како и на потребните мерки кои произлегуваат од Процената и анализа на работата на општинските организации на Црвен крст на Република Македонија.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНК ПРОЦЕС**
Активностите кои произлегуваат од Тригодишниот План ќе се имплементираат на следниов начин:

**Задачи и обврски на Централата на ЦКРМ**:

- Организација, координација, мониторинг, евалуација и имплементација на активности на национално и општинско ниво. За исполнувањето на секоја специфична цел ќе биде назначено лице од стручната служба за координирање на предвидените активности.

**Задачи и обврски на општинските организации на ЦКРМ**

- Организација, координација, мониторинг, евалуација и имплементација на активности на општинско ниво.

**Поддршка од Меѓународната Федерација:**

- Консултантска и координативна поддршка и мониторинг и евалуација на имплементација на активности.

**Поддршка од други партнери на локално ниво (медиуми, владини и невладини организации, корисници на услуги од заедниците):**

- Поддршка во имплементација на активности
- Мониторинг и евалуација на имплементација на активности.

**СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА ИНК ПРОЦЕСОТ**

Спроведените активности во подготвителниот период на ИНК Планот укажуваат на цврстите заложби на сите структури на националното друштво, раководството и управата за успешна подготовка, имплементација и следење на тригодишниот план за интензивна надградба на капацитети. За таа цел Извршниот Одбор на Црвениот крст на РМ определи Комисија за мониторинг и евалуација составена од единаесет претставници од службата, волонтерскиот кадар, консултанти, претставници од Министерството за здравство ,Министерството за труд и социјална политика , претставници на Меѓународниот Комитет на Црвен крст и Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина кои ќе го следат процесот на имплементацијата на Планот во претстојниот тригодишен период. Раководството и управата на Црвениот крст на РМ ќе обезбедуваат постојана поддршка за постигнување на зацртаните очекувани резултати.

**МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

Цел на мониторингот и евалуацијата е да се согледаат придонеси на проектот во развивањето на процесот на зајакнување на капацитетите на Црвениот крст на РМ, со цел генерирање можности за неговото подобрување и одржливост.

Евалуацијата ќе се остварува според одредени нивоа:

- на ниво на подготовка на проектот;
- на ниво на неговото спроведување;

- на ниво на завршување на проектот и
- по завршување на проектот.

Мониторинг на проектот ќе се остварува континуирано, а евалуацијата на почеток на проектот, по две години и по завршување на проектот.

Истражувањето ќе се реализира со употреба на квалитативни и квантитативни методи.

Квалитативниот пристап се однесува на сите сознанија добиени врз основа на квалитативни истражувачки постапки: наративна дескрипција, работа во фокус групи, студии на случај, следење на учесниците, анализа на документација (извештаи од остварен мониторинг).

Квантитативниот пристап се однесува на бројчани мерења и ќе се користи статистичка обработка на податоци добиени со интервју и прашалници за директните и индиректните корисници на проектните активности.

За евалуацијата ќе бидат изготвени посебни прашалници и упатства за работа во фокусни групи.

**Евалуатори.** Ќе се остварува самоевалуација од страна на вработените лица и волонтери во општинските организации на Црвениот крст на РМ со паралелна немандаторска евалуација од страна на независен надворешен консултант.

| | |
|---|---|
| **Црвен крст на Република македонија** | |
| **Проект: Интензивна надградба на капацитети 2008-2010** | |
| **ЛОГИЧНА РАМКА ЗА 2008** | |
| **Главна Цел:** Подобрени се материјално-техничките, организациски и кадровски капацитети на националното друштво за успешно справување со предизвиците на ранливото население во Република Македонија. | **Показатели:**<br>▪ Во следните 3 години, капацитетот на националното друштво за реализација на програмите за задоволување на потребите зедницата, е зголемен за 30%.<br>**Извори на верификација:**<br>▪ Извештаи на националното друштво, Извештај за процена и анализа на ООЦК, Извештаи на Меѓународна Федерација, Извештај за истражување на јавно мислење во РМ |
| **Специфична цел 1**<br>Унапреден е информативниот менаџмент систем на НД | **Показатели:**<br>▪ Во текот на првата година, задоволството на националното друштво од брзиот проток на информации, нивниот квалитет, отчетноста, следењето и електронското менаџирање на документите во работата е зголемено за 30%.<br>▪ Задоволството на корисниците од брзиот проток на информации и нивниот квалитет од ново воспоставениот информативен систем на националното друштво е зголемено за 30%.<br>**Извори на верификација:**<br>▪ Извештаи на националното друштво, Извештаи од посетеност и коментари на WEB страната, внатрешна анализа. |

| **Очекувани резултати** | **Индикатори** | **Извори на верификација** | **Претпоставки / Ризици** | **Активности** |
|---|---|---|---|---|
| Воспоставен е брз, лесен, пристапен, ефикасен и структурален протокот на информации и комуникации во националното друштво;<br><br>Информативниот менаџмент систем е искористен како средство за промовирање активности и работата на Црвениот крст;<br><br>Системот се користи како алатка за мониторинг за тековни проекти и ресурси;<br><br>Информативниот систем се користи како средство за автоматско известување, размена, следење, пребарување и електронско менаџирање на документи; | 36 единици на ЦКРМ ја имаат потребната хардверска опрема и софтвер и се поврзани во мрежен систем.<br><br>Зголемен е капацитетот на 36 единици на ЦКРМ за користење на информативниот менаџмент систем за брз проток на информации, промовирање на активности, внатрешно и надворешна комуникација и автоматско известување, следење, пребарување, електронско менаџирање на документи и мониторинг и евалуација на програми, проекти и активности.<br><br>Едуцирани се 36 лица за работа на информативниот менаџмент систем во текот на првата година. | Извештаи на националното друштво<br><br>Извештаи од посетеност и коментари на WEB страната.<br><br>Извештаи за евалуација.<br><br>Статии во медиумите.<br><br>Фото документација.<br><br>Извештаи од работилници | Подршка на раководството и управата на ИНК процесот.<br><br>Добра соработка помеѓу ООЦК и Централата.<br><br>Подршка на волонтери и консултанти во ИНК процесот | 1. Воспоставување мрежна инфраструктура во 36 единици.<br><br>2. Набавка на потребна хардверска опрема.<br><br>3. Изработка на софтвер за информативниот менаџмент систем на ЦКРМ.<br><br>4. Изработка на динамички web портал.<br><br>5. Изработка на web систем за следење и пребарување.<br><br>6. Обука на кадровски ресурси за работење со новиот информативен менаџмент систем. |

| **Специфична цел 2**<br>Подобрени се кадровските капацитети на НД за успешно реализирање на програмските активности | **Показатели:**<br>▪ Зголемен е бројот на волонтери (кои волонтирарат до 40 часа месечно согласно со Законот за волонтеризам на РМ) во националното друштво за 5.5% во 2008 година<br>▪ Подобрен е квалитетот на услуги и спроведени програми во 12 ООЦК во 2008.<br>**Извори на верификација:**<br>▪ Извештаи на националното друштво, извештаи од микро проекти, извештаи од анкети и медиуми. |
|---|---|

| **Очекувани резултати** | **Индикатори** | **Извори на верификација** | **Претпоставки / Ризици** | **Активности** |
|---|---|---|---|---|
| Воспоставен е систем за мотивирање, регрутирање и задржување на волонтери;<br><br>Донесен е правилник за менаџмент на волонтери<br><br>Обучен е волонтерски кадар за работа со различни целни групи во заедниците;<br><br>Подобрени се капацитетите за менаџирање на кадровски ресурси;<br><br>Мобилизирани и едуцирани се волонтерски кадри за реализирање активности на општинските организации | Преведен е, адаптиран и отпечатен прирачник за менаџмент на волонтери во 1000 копии<br><br>Испринтан е правилник за менаџмент на волонтери во 36 примероци<br><br>24 волонтери стекнале знаења за менаџмент на волонтери<br><br>12 лица стекнале знаења за менаџмент на вработени<br><br>Задоволени се приоритетни потреби на ранливо население во 6 заедници со имплементацијата на микро проекти.<br><br>Зголемен е бројот на волонтери во националното друштво за 180 лица. | Извештаи од националното друштво<br><br>Извештаи од ООЦК.<br><br>Извештаи од работилници<br><br>Извештаи за евалуација.<br><br>Статии во медиумите.<br><br>Фото документација. | Подршка на раководството и управата на ИНК процесот.<br><br>Подршка на волонтери во ИНК процесот. | 1. Превод, подготовка и печатење на прирачник за менаџмент на волонтери.<br><br>2. Подготовка на правилник за менаџмент на волонтери<br><br>3. Организирање на едукативна работилница за менаџмент на волонтери.<br><br>4. Организирање на обука за менаџмент на вработени.<br><br>5. Отворање клубови на волонтери (од различна возрасна структура) во општинските организации на ЦК за унапредување на волонтерскиот менаџмент преку Фондот за Развој за подготовка и имплементација на микро проекти за задоволување на потребите на ранливото население во локалните заедници. |

| **Специфична цел 3**<br>Воспоставен е ефикасен систем за мобилизирање на фондови | **Показатели:**<br>▪ Зголемен е интересот за поддршка на програми на ЦКРМ за 20% во 2008 година.<br>▪ Зголемена е поддршката (финансиска и кадровиски ресурси) од фирми, поединци за 10% во 2008 година.<br>▪ Зголемени се кадровските капацитети на ЦКРМ во 12 ООЦК за мобилизирање фондови во 2008 година.<br>**Извори на верификација**<br>▪ Извештај од истражување на пазарот<br>▪ Извештаи на националното друштво<br>▪ Обезбедена програмска поддршка |
|---|---|

| **Очекувани резултати** | **Индикатори** | **Извори на верификација** | **Претпоставки/ ризици** | **Активности** |
|---|---|---|---|---|
| Воспоставени се механизми за мобилизирање на фондови;<br><br>Подобрен е капацитетот на националното друштво за мобилизирање на фондови за поквалитетно обезбедување услугина ЦКРМ;<br><br>Воспоставени се партнерства со компании.<br><br>Зголемен е бројот на партнерски организации кои обезбедуваат поддршка за ЦКРМ. | Националното друштво има податоци за можен интерес за поддршка на ЦК активности од корпоративниот сектор.<br><br>Воспоставени се партнерства со 20 компании.<br><br>Изработена е стратегија за мобилизирање фондови во 500 примероци<br><br>24 лица се обучени за знаења за мобилизирање на фондови | Извештаи од националното друштво<br><br>Извештај од работилница<br><br>Извештаи за евалуација.<br><br>Статии во медиумите.<br><br>Фото документација. | Подршка на раководството и управата на ИНК процесот.<br><br>Подршка на волонтери и консултанти во ИНК процесот.<br><br>Подршка од компании.<br><br>. | 1. Спроведување на истражување на пазарот во 100 фирми за нови можности за мобилизирање на фондови.<br><br>2. Подготовка на план за акција за воспоставување партнерства со корпоративен сектор.<br><br>3. Подготовка, превод и печатење на стратегија за мобилизирање на фондови<br><br>4. Организирање на работилници за едукација на кадри за мобилизирање на ресурси |

Macedonian Red Cross

**ICB Budget Macedonia**

| Description | quantity | Units | price | Total CHF |
|---|---|---|---|---|
| **Воспоставување мрезна инфраструктура во 36 единици** | | | | **48600** |
| *Набавка на потребна хардверска опрема* | 36 | 1 | 360 | 12960 |
| *Изработка на софтвер за информативниот менаџмент систем на ЦКРМ* | 36 | 1 | 990 | 35640 |
| **Превод, подготовка и пецатење на прирацник за менаџмент волонтери** | | | | **5440** |
| *Превод ( англиски - македонски)* | 1 | 80 | 8 | 640 |
| *Превод ( македонски - албански))* | 1 | 80 | 10 | 800 |
| *Пецатење* | 1000 | 1 | 4 | 4000 |
| **Организирање на едукативна работилница за менаџмент на волонтери** | | | | **5680** |
| *Сместување* | 32 | 3 | 35 | 3360 |
| *Транспортни тросоци* | 24 | 1 | 30 | 720 |
| *Освезување* | 32 | 3 | 5 | 480 |
| *Тренинг материјали* | 32 | 1 | 10 | 320 |
| *Гориво* | 2 | 1 | 100 | 200 |
| *Надомест за организатори/предаваци* | 8 | 3 | 25 | 600 |
| **Организирање на работилница за менаџмент на вработени** | | | | **5680** |
| *Сместување* | 32 | 3 | 35 | 3360 |
| *Транспортни тросоци* | 24 | 1 | 30 | 720 |
| *Освезување* | 32 | 3 | 5 | 480 |
| *Тренинг материјали* | 32 | 1 | 10 | 320 |
| *Гориво* | 2 | 1 | 100 | 200 |
| *Надомест за организатори/предаваци* | 8 | 3 | 25 | 600 |
| **Микро проекти, преку волонтерски клубови (6 ООЦК)** | | | | **14200** |
| *Микро проекти ( 6 ООЦК)* | 1 | 1 | 14200 | 14200 |
| | | | | 0 |
| **Истразување на пазарот за нови мозности за мобилизирање на фондови** | | | | **4000** |
| *Истразување (100 компании)* | 1 | 1 | 4000 | 4000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 0 |
| **Подготовка, превод и пецатење на стратегија за мобилизирање на фондови** | | | | **7390** |
| *Подготовка* | 1 | 1 | 400 | 400 |
| *Превод ( англиски - македонски)* | 1 | 30 | 8 | 240 |
| *Превод ( македонски - албански))* | 1 | 30 | 10 | 300 |
| *Пецатење* | 2 | 250 | 5.3 | 2650 |
| *Консултантска подрска* | 1 | 1 | 1000 | 1000 |
| *Компјутери* | 2 | 1 | 1400 | 2800 |
| **Организирање на работилница за едуцирање на кадри за мобилизирање на ресурси** | | | | **5680** |
| *Сместување* | 32 | 3 | 35 | 3360 |
| *Транспортни тросоци* | 24 | 1 | 30 | 720 |
| *Освезување* | 32 | 3 | 5 | 480 |
| *Тренинг материјали* | 32 | 1 | 10 | 320 |
| *Гориво* | 2 | 1 | 100 | 200 |
| *Надомест за организатори/предаваци* | 8 | 3 | 25 | 600 |
| **Мониторинг и евалуација** | | | | **3990** |
| *Гориво* | 30 | 1 | 70 | **2100** |
| *Анкета/Обработка/Известај* | 1 | 1 | 450 | 450 |
| *Административни тросоци* | 12 | 1 | 120 | 1440 |
| | | | | 0 |
| ***ВКУПНО*** | | | | **100660** |